# ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБРАБОТКАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ НА ВРАБОТЕНИТЕ, ЗАСТАПНИЦИТЕ ВО ОСИГУРУВАЊЕ И СОРАБОТНИЦИТЕ ВО АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ВИНЕР ЛАЈФ – ВИЕНА ИНШУРЕНС ГРУП СКОПЈЕ

## 1. Идентитет и контакт на податоците на Контролорот:

**Назив:**Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје

**Седиште:** ул. 11 Октомври бр.25 кат 8

**Електронска адреса:** life@winnerlife.mk

## 2. Контакт податоци за офицерот за заштита на личните податоци:

**Електронска адреса:** zoran.zdravkovski@winnerlife.mk

**Телефон:** +389 71 366737

## 3. Заштита на лични податоци

Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје (ВИНЕР ЛАЈФ), посветува големо внимание на заштитата на личните податоци во секој сегмент на деловните процеси преку имплементација на стандардите утврдени со законските и подзаконските прописи за заштита на личните податоци во Република Северна Македонија и интерните акти.
Ве информираме дека ВИНЕР ЛАЈФ, како контролор на лични податоци целосно ги почитува начелата за обработка на Вашите лични податоци. Воедно, подетално Ве информираме кои се Вашите права од аспект на заштитата на личните податоци.

За вработените, ВИНЕР ЛАЈФ ја води **Збирката на вработени**, заедно со под збирката: **Евиденција на работно време и плати,** за застапниците во осигурување ја води **Збирката на надворешни консултанти**, а за соработниците, ја води **Збирката на соработници.**

## 4. Кои се правните основи за обработка на вашите лични податоци?

4.1. Правни основи за обработка на Вашите лични податоци во **Збирката на вработени** се:

- Исполнување на законска обврска (Закон за работните односи, Закон за евиденции од областа на трудот, Закон за пензиско и инвалидско осигурување, Закон за здравственото осигурување, Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување, Закон за исплата на платите, Закон за данок на личен доход, Закон за вршење на сметководствени работи)
- Исполнување на договорна обврска (договор за вработување)

4.2. Правна основа за обработка на Вашите лични податоци во **Евиденција на работно време и плати** е:

- Исполнување на законска обврска (Закон за работните односи, Закон за евиденции од областа на трудот, Закон за пензиско и инвалидско осигурување, Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување, Закон за исплата на платите, Закон за данок на личен доход)

4.3. Правна основа за обработка на Вашите лични податоци во **Збирката на надворешни консултанти** е:

- Исполнување на законска обврска (Закон за супервизија на осигурување)
- Исполнување на договор (договор за застапување)

4.4. Правна основа за обработка на Вашите лични податоци во **Збирката на соработници** е:

- Исполнување на законска обврска (Закон за облигационите односи, Закон за трговските друштва, Закон за супервизија на осигурување, Закон за адвокатура)
- Исполнување на договор (договор за давање на услуги, договор за ангажирање на соработник)

## 5. За која цел ги обработуваме Вашите лични податоци?

Во **Збирката на вработени** и во **Евиденцијата на работно време и плати**, обработката на Вашите лични податоци се врши заради остварување на права и обврски од работен однос. Подетално, обработката на Вашите лични податоци се врши за:

- евиденција на работно време;
- пресметка на плата, надоместоци и други поволности;
- исполнување на законските обврски (пензиско, здравствено осигурување и сл);
- спроведување на соодветни обуки утврдени со закон, при вработување или во текот на работниот однос заради надградба на знаењето на вработените за поквалитетно извршување на работните задачи (обуки за здравје, сигурност и безбедност на работното место и други обуки прилагодени на потребите на вработените);
- одлучување по барања за обука и стекнување квалификации во текот на работниот однос;
- проверување и утврдување на вашите перформанси на работното место;
- проценка на квалификациите за одредена работа или задача;
- прибирање на докази за дисциплинска постапка или престанок на работен однос;
- било какви други разумни цели во врска и за време на Вашиот работен однос.

Во **Збирката на надворешни консултанти (застапници),** обработката на Вашите лични податоци се врши заради исполнување на права и обврски од договорен однос (договор за застапување).

Во **Збирката на соработници**, обработката на Вашите лични податоци се врши заради исполнување на права и обврски од договорен однос (договор за давање на услуги, договор за ангажирање на соработник).

## 6. Кој има пристап до Вашите лични податоци?

- Вработени или соработници во ВИНЕР ЛАЈФ кои се овластени да пристапуваат до Вашите лични податоци и само до степен потребен за извршување на работните задачи;
- Вработени или соработници кај обработувачи кои во име на ВИНЕР ЛАЈФ вршат обработка на лични податоци, врз основа на Договор за обработка на лични податоци;

- Секоја јавна институција на која ВИНЕР ЛАЈФ е обврзана да и ги достави Вашите лични податоци, како законска или договорна обврска;
- Во одредени исклучителни ситуации, заради исполнување на законски обврски, спроведување на законот, регулаторни тела или правни застапници.

## 7. Кои категории на лични податоци ги обработуваме за Вас?

ВИНЕР ЛАЈФ ги собира личните податоци кои се определени со закон. Кога правна основа за обработка на Вашите лични податоци е договор, целосно го почитуваме принципот на минимален обем на податоци и ги собираме само оние категории на лични податоци што се неопходни, релевантни и ограничени на целите за кои се обработуваат.

### 7.1. За вработените:

| |
|---|
| Име и презиме |
| ЕМБГ |
| Постојана или привремена адреса на живеење |
| Податоци за контакт (телефонски број и електронска адреса) |
| Пол |
| Датум на раѓање |
| Место на раѓање |
| Државјанство |
| Степен на образование/диплома |
| Професија/занимање |
| Број на лична карта |
| Број на трансакциска сметка |
| Број на работна дозвола (за странци) |
| Број на возачка дозвола |
| Лични податоци за сопруг/а, партнер/ка, деца (само доколку се осигурени преку вработениот/ата) |
| Обуки за време на вработување |
| Евиденција на работно време |
| Одмори и отсуства |
| Плата |
| Податоци за пензионирање |
| CV/биографија/работно искуство |
| Датум на отпочнување со работа |
| Место на работа |

### Посебни категории на лични податоци:

| |
|---|
| Податоци кои се однесуваат на здравјето/медицински податоци |
| Податоци кои се однесуваат на верска исповед |
| Податоци кои се однесуваат на национална припадност |

#### 7.1.1. Во Евиденцијата на работно време и плати

| |
|---|
| Име и презиме |
| ЕМБГ |
| Број на трансакциска сметка |
| Вкупен број на остварени работни часови на работникот и користење на работното време |
| Одлука за прераспределба на повеќе или помалку распределени часови |
| Вкупно време на прекувремената работа |
| Персонална листа за исплата на плати |
| Бруто плата и други надоместоци |
| Вкупно неизвршени часови за кои се прима надомест од плата:<br>• Часови за привремена спреченост за работа поради болест, повреда и други причини; боледување<br>• Часови на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство<br>• Работа со половина од полното работно време на родителот со потешко хендикепирано дете<br>• Неизвршени часови за кои не се прима надомест на плата<br>• Податоци за слободни денови |

### Посебни категории на лични податоци:

| |
|---|
| Медицински податоци (боледувања и слично - основ за одбиток) |
| Податоци кои се однесуваат на верска исповед (определување на неработни денови) |
| Податоци за национална припадност (определување на неработни денови) |

### 7.2. За застапниците во осигурување:

| |
|---|
| Име и презиме |
| ЕМБГ |
| Постојана или привремена адреса на живеење |
| Податоци за контакт: телефонски број и електронска адреса |
| Пол |
| Датум на раѓање |
| Место на раѓање |
| Број на лична карта |
| Број на трансакциска сметка |
| Датум на отпочнување со договорени обврски |
| Место на работа |
| Број на лиценца |

### 7.3. За соработниците:

| |
|---|
| Име и презиме |
| ЕМБГ |
| Постојана или привремена адреса на живеење |

| |
|---|
| Податоци за контакт: телефонски број и електронска адреса |
| Образование |
| Број на трансакциска сметка |

## 8. Како ги чуваме Вашите лични податоци?

Секое лице кое има пристап до Вашите лични податоци, без разлика дали е овластено вработено лице во ВИНЕР ЛАЈФ или е вработено лице во друштво ангажирано од страна на ВИНЕР ЛАЈФ како обработувач на лични податоци, е обврзано да ја заштитува тајноста на податоците и да постапува според упатствата на ВИНЕР ЛАЈФ во согласност со важечките законски прописи за заштита на личните податоци.

Притоа, се применуваат најсовремените технички и организациски мерки за заштита на податоците од неовластен пристап, неовластено откривање или евентуална злоупотреба на сите нивоа на извршување на работите.

## 9. Колку долго ги чуваме Вашите податоци?

Вашите лични податоци ги чуваме во рокови пропишани со закон, подзаконски акти и со нашите интерни акти, онолку, колку што е потребно за да се исполнат сите горенаведени цели. Вашите лични податоци нема да бидат зачувани во форма што дозволува да бидете идентификувани подолго отколку што е потребно за да се постигнете целта за која се собрани или обработувани.

- Матичната книга на вработени/досиеја на вработени – трајна вредност
- Досиејата на раководниот кадар - трајна вредност
- Пријави и одјави за вработени, договори/решенија за вработување, решенија за распоредување - 45 години
- Решенија за годишен одмор, минат труд, отсуства и боледувања - 2 години
- Преписки во врска со остварување на права од работен однос - 1 година
- Евиденција на работно време – 1 година
- Конечни пресметки на плата - трајна вредност
- Персоналната листи за исплата на плата – трајна вредност или 45 години
- Пријави на податоци за утврдување на нето плата и стаж на осигурување - 45 години
- Податоците за застапниците во осигурување и за соработниците – 10 години по истекување на договорот за застапување или за давање на услуга или ангажирање.

## 10. Кои се Вашите права?

Под одредени услови утврдени со закон, имате право на пристап, исправка, бришење, ограничување на обработката, преносливост на вашите лични податоци, право на приговор и право на повлекување на согласноста. Овие Ваши права произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци.

| | | |
|---|---|---|
| **Право на информирање** (член 17 и 18 од ЗЗЛП) | Имаме обврска да Ве информираме кои податоци ги собираме за Вас, за кои цели ги обработуваме, колку долго ги чуваме и дали ги откриваме на трети страни.<br><br>Оваа информација Ви е доставена во хартиена или електронска форма. | Рок на постапување: Во моментот кога ќе отпочнеме со обработка на Вашите лични податоци |
| **Право на пристап** (член 19 од ЗЗЛП) | На Ваше барање, имаме обврска да Ви дадеме детална информација за податоците што ги обработуваме за Вас.<br>Формуларот на Барањето за пристап до лични податоци е објавен на https:winnerlife.mk/formulari-baranja/ | Рок за постапување: еден месец од денот на поднесување на барањето, а ако е комплексно барањето, три месеци. |
| **Право на исправка** (член 20 од ЗЗЛП) | На Ваше барање, ќе ги исправиме или дополниме Вашите неточни или непотполни податоци.<br>Формуларот на Барањето за исправка на личните податоци е објавен на https:winnerlife.mk/formulari-baranja/ | Рок за постапување: 15 дена од денот на поднесување на барањето. |
| **Право на бришење** (член 21 од ЗЗЛП) | На Ваше барање, ќе ги избришеме податоците: ако е исполнета целта заради која биле обработувани; ако сте ја повлекле согласноста за обработка; ако податоците биле незаконски обработувани; ако приговарате на обработката или заради почитување на законската обврска за бришење на податоците кога веќе не постои правна основа за обработка.<br>Формуларот на Барањето за бришење на личните податоци е објавен на https:winnerlife.mk/formulari-baranja/ | Рок на постапување: 30 дена од денот на поднесување на барањето. |
| **Право на ограничување на обработката** (член 22 од ЗЗЛП) | На Ваше барање, ќе ја ограничиме обработката на личните податоци: ако ја оспорувате точноста на личните податоци, во периодот додека не ја потврдиме нивната точност; ако сметате дека обработката е незаконита, но се спротивставувате на бришењето | Рок за постапување: еден месец од денот на поднесување на барањето, а ако е комплексно барањето, три месеци. |

| | | |
|---|---|---|
| | или ако податоците ви се потребни за остварување на правни барања.<br>Формуларот на Барањето за ограничување на обработката на личните податоци е објавен на https:winnerlife.mk/formulari-baranja/ | |
| **Право на преносливост на податоците**<br>(член 24 од ЗЗЛП) | На Ваше барање, ќе Ви ги пренесеме личните податоци во структуриран, вообичаено користен и машински читлив формат. Ова право е применливо кога се врши обработка на лични податоци врз основа на согласност или договор и кога обработката се врши со автоматизирани средства.<br>Формуларот на Барањето за преносливост на личните податоци е објавен на https:winnerlife.mk/formulari-baranja/ | Рок за постапување: еден месец од денот на поднесување на барањето, а ако е комплексно барањето, три месеци. |
| **Право на приговор**<br>(член 25 од ЗЗЛП) | Врз основа на Ваш приговор, ќе ја запреме обработката на податоците ако правна основа за нивна обработка е нашиот легитимен интерес или сме вршеле нивна обработка за цели на научни или историски истражувања или статистички цели, под услов ако вашето право на приватност преовладува над нашите интереси и цели.<br>Формуларот на приговорот е објавен на https:winnerlife.mk/formulari-baranja/ | Рок за постапување: еден месец од денот на поднесување на барањето, а ако е комплексно барањето, три месеци. |
| **Право на повлекување на согласноста**<br>(член 11 од ЗЗЛП) | Кога правна основа за обработка на Вашите лични податоци е согласноста, на Ваше барање ќе престанеме да вршиме нивна обработка.<br>Согласноста за обработка на личните податоци за цели на директен маркетинг може да се повлече во секое време, бесплатно.<br>Формуларот на Барањето за повлекување на согласноста за вршење на директен маркетинг е објавен на: https:winnerlife.mk/formulari-baranja/ | Рок за постапување: веднаш. |

| | | |
|---|---|---|
| | Повлекувањето на согласноста не влијае на законитоста на обработката која се вршела врз основа на согласноста пред отповикувањето. | |

За остварување на Вашите права, како и за прашања во врска со обработката на Вашите лични податоци, Ве молиме пополнете го соодветниот формулар и испратете го на е-маил zoran.zdravkovski@winnerlife.mk

**Формулар 1 Барање за пристап до лични податоци**

Винер лајф_Барање за пристап до лични

**Формулар 2 Барање за исправка на лични податоци**

Винер лајф_Барање за исправка на личн

**Формулар 3 Барање за бришење на лични податоци**

Винер лајф_Барање за бришење на личн

**Формулар 4 Барање за ограничување на обработката на личните податоци**

Винер лајф_Барање за ограничување на

**Формулар 5 Барање за преносливост на личните податоци**

Винер лајф_Барање за преносливост на л

**Формулар 6 Приговор**

Винер лајф_Приговор.docx

**Формулар 7 Барање за повлекување на согласноста за обработка на лични податоци**

Винер лајф_Барање за повлекување на с

## 11. Надлежен надзорен орган за заштита на личните податоци

Агенцијата за заштита на личните податоци е надлежен надзорен орган за заштита на личните податоци во Република Северна Македонија

бул. „Гоце Делчев“ бр. 18 Скопје

Телефон: 389 2 323 0635

Е-маил: info@privacy.mk

Доколку сметате дека обработката на Вашите лични податоци од страна на ВИНЕР ЛАЈФ, не е во согласност со одредбите на ЗЗЛП или пак сметате дека е повредено некое Ваше право за заштита на личните податоци, имате право да поднесете барање пред Агенцијата за заштита на личните податоци, согласно член 97 од ЗЗЛП.

Барањето можете да го преземете на следниот линк:

https://azlp.mk/gragjani/nasoki/%D0%B1%D0%B0%D1%80%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D0%B7%D0%B0-%D1%83%D1%82%D0%B2%D1%80%D0%B4%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D0%BF%D0%BE%D0%B2%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%B0/